**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Валентина Спасова-Јованова**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Штип и Свети Николе**
**ул.Браќа Миладинови бр.4/А**
**тел. 032-387-387;**
**valentinasj@t.mk**

**Образец бр.66**

**И.бр. 73/2026**

Извршителот Валентина Спасова-Јованова од Штип, ул.Браќа Миладинови бр.4/А врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Борче Секуловски од Скопје преку полномошник Адвокат Методи Поп Методиев Штип, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.310/02 од 12.11.2002 год. на Нотар Мијалчо Цоневски од Штип и Ст.бр.89/04 од 15.07.2005 год. на Основен суд Штип, против должникот Друштво за урбанизам,проектирање и инЖенеринг МЕГАПРОЕКТ ДОО Штип-во стечај, за спроведување на извршување на ден 18.06.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со **прво** усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

-парцела 9944, дел 1, адреса М.ТИТО 6, број на зграда 1, намена на згр.Б1-10, влез 1, кат К 2 ,број 1, намена на посебен/заеднички дел ДП, внатрешна површина од 109 м2, право на недвижност сопственост, запишана во имотен лист бр.5895 при АКН за КО ВИНИЦА сопственост на Друштво за урбанизам,проектирање и инженеринг МЕГАПРОЕКТ ДОО Штип-во стечај,

-парцела 9944, дел 1, адреса М.ТИТО 6, број на зграда 1, намена на згр.Б1-10, влез 1, кат ПО, број 1, намена на посебен/заеднички дел П, внатрешна површина од 13 м2, право на недвижност сопственост, запишана во имотен лист бр.5895 при АКН за КО ВИНИЦА сопственост на Друштво за урбанизам,проектирање и инженеринг МЕГАПРОЕКТ ДОО Штип-во стечај.

Продажбата ќе се одржи на ден **09.07.2026** година во **14,00** часот во просториите на Извршител Валентина Спасова Јованова Штип, на ул.Брака Миладинови бр.4 А во Штип.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.73/2026 од 09.06.2026 година изнесува **3.854.205,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености нема. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, која гаранција треба да се уплати најдоцна до **07.07.2026 година.**

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 380911375801165 која се води кај ПроКредит Банка АД Скопје и даночен број 5029006106087.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 8 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Слободен Печат и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Валентина Спасова-Јованова

Д.-на: доверител
должник
Град Штип - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВАЛЕНТИНА СПАСОВА-ЈОВАНОВА ИЗВРШИТЕЛ

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Штип согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.